Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 6 (шест) дрва (2 каталпи, 2 кедари и 2 кисели дрва) што се наоѓаат **на ул."Јордан Мијалков" (на аголот со ул."Павел Шатев") – Скопје.**
2.Сечењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.
4. Се обврзува ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 6(шест) дрва , постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје извршија непосреден увид **на ул."Јордан Мијалков" (на аголот со ул."Павел Шатев") – Скопје,** на ден **09.08.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвата се целосно суви (мртви дрва) и постои опасност да паднат и да предизвикаат материјална или друга штета,и не постојат услови за пресадување на дрвата.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за отстранување на дрва се утврдува обврската за компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник

одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвата се целосно суви и постои реална опасност да паднат и да предизвика материјална или друга штета, исто така констатирано е дека не постојат услови за пресадување на дрвата.
Поради се наведено е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**10.08.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП "Паркови и зеленило", Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

________________________

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 6 (шест) дрва (3 копривки, 2 елки и 1 кедар), како и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација што се наоѓаат **на ул."Јордан Мијалков" (на аголот со ул."Павел Шатев") – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата и расчистувањето на самоникнатата нискостеблеста вегетација ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвата и расчистувањето на самоникнатата нискостеблеста вегетација да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје извршија непосреден увид **на ул."Јордан Мијалков" (на аголот со ул."Павел Шатев") – Скопје,** на ден **09.08.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвата имаат неуредни крошни и широкоразгранети гранки, а исто така имаат и суви гранки, а пак нискостеблестата вегетација е диво изникната.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило дека дрвата треба да се искастрат, бидејќи дрвата имаат неуредни крошни и широкоразгранети гранки, а исто така имаат и суви гранки, а пак нискостеблестата вегетација е диво изникната.
Поради се наведено е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/3**
**10.08.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП "Паркови и зеленило", Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по службена должност,Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинива одложното дејствие на жалбата на решенијата бр.14-сл/2 и 14-сл/3 од 10.08. 2023 год. донесени од градоначалникот на град Скопје.
2.Решенијата бр.14-сл/2 и 14-сл/3 од 10.08. 2023 год., донесени од градоначалникот на град Скопје може да се реализираат веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност, овој орган, има направено удид на **ул."Јордан Мијалков"" (на аголот со ул.Павел Шатев)** на ден **09.08.2023** година. При тоа е утврдено дека има суви дрва(мртви дрва) и постои опасност да паднат и да предизвикаат материјална или друга штета и констатирано е дека не постојат услови за пресадување на дрвата, а исто така има и дрва кои имаат неуредни крошни, широкоразгранети гранки и суви гранки, а пак нискостеблестата вегетација е дивоизникната.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои реална опасност од паѓање на дрвата и предизвикување на опасност, за што постои јавен интерес,за нивно отстранување па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-сл/4**
**10.08.2023** година
Скопје

**Доставено до: Барателот, ЈП "Паркови и зеленило –Скопје" Архива**

Изработил:
**Игор Трпковски**

________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ * СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT